Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/2019, 14/2020 и 208/2024), и член 28 став (2) точка 5 од Законот културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013,44/2014, 61/15, 154/15, 39/16, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/2024), директорот на Националната установа Национална опера и балет, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација во Националната установа Национална опера и балет

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се вршат измени во Правилникот за внатрешна организација во Националната установа Национална опера и балет, со архивски број 01-1685/2 од 27.08.2020 и 01-2955/1 од 30.08.2022 година.

Член 2

Во член 4 точка 1. Административна служба, по подточката 1.4. самостојна единица за внатрешна ревизија, се додава нова подточка 1.5. која гласи:
„1.5. Сектор за јавни набавки

Член 3

Во член 5, точка 1. Административна служба, во став (1), алинеа 12 се брише.

Член 4

Во член 5, точка 1. Административна служба, во став (2), зборовите Сектор за административно-правни и кадровски работи, се менуваат и гласат: „Сектор за материјално финансиски работи и сметководство“.

Член 5

Во член 5, точка 1. Административна служба, по ставот (4), се додава нов став, кој гласи:
„(5) Во рамките на Секторот за јавни набавки се извршуваат следниве работи и задачи:
- Изготвување на годишен план за јавни набавки и следење на реализацијата на планот за јавни набавки,
- Изготвување на одлуки за јавни набавки, објавување на огласи за јавна набавка на електронскиот систем за јавни набавки, службено гласило и меѓународно службено гласило согласно одредбите на законот за јавни набавки,
- Изготвување на тендерски документации, и на договори за јавни набавки,
- Спроведување на набавки од мала вредност и координирање и стручна помош на комисиите при спроведување на постапките за јавни набавки
- Водење на жалбена постапка пред Државната комисија за жалби по јавни набавки,
- Следење на реализацијата на договорите за јавни набавки,

- Ажурирање на известувањата за реализација на договорите за јавни набавки и кварталната евиденција на ЕСЈН,
- Вршење други работи поврзани со спроведување на постапките за јавни набавки и следење на реализацијата на договорите за јавни набавки.

Член 6

Согласно извршените промени во интегралниот текст на актот се прави промена и во графичкиот приказ на организационата поставеност на Националната опера и балет (органограм).

Член 7

Овој правилник влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Управниот одбор и Министерството за јавна администрација.

Директор
Оливер Арсовски

Бр. 01-2927/1
09.07.2025